Јавно претпријатие за услужни дејности

Бр. 01-10/1

08.01. 20 16 год.

Пехчево

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО 2016 ГОД. НА ЈПУД"РАВЕН"-ПЕХЧЕВО

ЈПУД"РАВЕН"-Пехчево е општинско претпријатие чиј основач е Советот на Општина Пехчево и е регистриран како услужно јавно претпријатие кој во делокругот на своите активности опфаќа повеќе одделенија:

**-Одделение за припремање на храна во кујна и ресторант**

**-Одделение за градежни работи**

## I.Одделение за припремање на храна во кујна и ресторант

1.Припремање на храна за учениците во ОУ"Ванчо Китанов"-Пехчево, се планира да биде зголемено за 50 оброка. Храната се спрема по сите хасап стандарди и упатства од инспекторатот за храна и се дели во ресторанот под услови кои се наследени.

2.Припрема на храна за учениците-гимназијалци ќе остане во истиот обем како во минатата 2015год.

3.Припремање на храна за народна кујна во с.Црник останува по обем, количина, квалитет и асортиман иста според договорот со Ј.У. Меѓуопштински центар за социјални работи. Доставувањето на храната до корисниците ни е проблематична и во наредниот период ќе настојуваме да обезбедиме посовремено возило, со товарен простор и трансмисиоја на предната осовина, за да ги избегнеме проблемите во зимните месеци.

4.Припремање на храна за правни субјекти и физички лица според претходен месечен договор. Во тој дел имаме варијабилност но настојуваме квалитетно да го исполниме. Превземањето на приготвената храна е од страна на самите субјекти договарачи.

5.Припремање и испорака на храна-дневен оброк за стари и изнемоштени лица. Во тој дел перманентно ни се зголемуваат корисниците-абоненти и мислиме дека навремено и квалитетно ги извршуваме нашите обврски.

Наплатата на побарувањата за испорачани оброци на дел од нив ни ствара проблем, но мислиме дека во наредниот период и тоа ќе биде решено.

6.Во почетокот на 2016 год. со топловодното инсталирање во кујната планираме да промовираме и да понудиме кетеринг услуги за нашите сограѓани во општината. Тоа може да се однесува за чествување на домашни слави, матурски, родендени и помени и износачки.

Исто така ние сме спремни, ако почне проектот за Регионален центар за стари лица, да го подржиме во делот на припремање на храна, испорака и послужување за целодневните потреби на корисниците на центарот.

## II.Одделение за градежни работи

1.Формирање на работна група од наши вработени за изведување на градежни работи од помал обем за потребите на локалната самоуправа , барател на услугита. Побарувања на такви услуги ќе има земајќи ги во предвид прописите за сертифицирани и регистрирани индивидуални даватели (мајстори) на градежни услуги.

Нашата понуда ќе биде изведба на мали градежни објекти, уредување на дворни места, површини со бекатон, чистење на оџаци и реконструкција и внатрешно уредување на простори за домување.

2.Градежната машина CAT D8R и оваа година се планира да работи на земјани насипи на автопатот Кичево-Охрид. Закупот ќе биде регулиран со договор кој ќе биде објавен во два службени весници еден Македонски и еден албански. Обврска на нашата служба е редовно следење на условите во кои работи и техничката исправност на моторот, хидруликата и подвозјето на булдужерот и проверка на извештајот за тековно одржување, во случај на редовна промена на масла, филтри и подмажување. Проверките се прават еднаш до двапати во месецот на лице место.

ЈПУД"РАВЕН"-Пехчево

______________________________

Директор: Вуксанов Душко

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 08-393/1
14.03.2016 год.
ПЕХЧЕВО

ЈПУД РАВЕН Пехчево
Примено: 14.03.2016
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 10/2 | | |

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 алинеја 27 од Статутот на општина Пехчево(Сл. гласник на општина Пехчево бр.04/09 и 05/14), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.03.2016 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програмата за работа на ЈПУД „Равен„-Пехчево, за 2016 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата работа на ЈПУД „Равен„-Пехчево за 2016 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ЈПУД „Равен„-Пехчево за 2016 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пехчево".

Бр. 08-393/1
14.03.2016 Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски